Друштво за трговија и услуги
АВЦ ГРОУП ДОО
Бр. 50/18
06.11 2018 год.
СКОПЈЕ
штембил

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**- Генерален секретаријат –**
бр.4606-8959/17 од 05-11-2018 година
Скопје

**„АВЦ ГРОУП" ДОО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

# Д О Г О В О Р
## за набавка на стоки

**Скопје, Ноември 2018 година**

# ДОГОВОР

Склучен на 05.11. 2018 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган** и
2. **„АВЦ ГРОУП" ДОО** со седиште на Борка Талевски 13 А, 1000 Скопје со ЕМБС 5961203 и даночен број **4030005539219**, претставувано и застапувано од **Игор Трајковски,** Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на стоки – **телевизиска и аудио-визуелна опрема.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот за набавка на стоките од член 1, изнесува **642.156** (со зборови: шестотини четириесет и две илјади сто педесет и шест) денари со вклучен 18/5 % ДДВ.
Договорниот орган ќе ја исплати вредноста за реално фактурираните стоки, во зависност од тековно важечките даночни стапки, но не повеќе од износот наведен во став 1 од овој член.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаната стока од предметот на набавката, да се изврши вирмански по доставување фактура и испратница за извршена испорака, во седиштето на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје,во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да **ги испорача стоките од член 1 на овој Договор со карактеристики согласно бараните во техничката спецификација,најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот кога е добиено барање за испорака на следнава локација:** Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, 1000 Скопје, при што Договорниот орган се обврзува да изврши квантитативен и квалитативен прием на стоките.

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во висина од **од 5% од вредноста** утврдена во член 2 од овој договор.
Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма, **пред потпишување на договорот,** а со важност до исполнување на обврските од член 4 од овој договор.
Договорниот орган ќе ја врати Гаранцијата на Носителот на набавката во рок од 14 дена, по реализација на договорната обврска од старана на Носителот на набавката, утврдена во член 4.

**Член 6**

Носителот на набавката се согласува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да биде наплатена доколку не исполни некоја од обврските наведени во член 4 од овој договор на

начин и рок согласно тендерската документација и понудата, а по претходно известување од страна на Договорниот орган.
Носителот на набавката се согласува доколку дојде до наплата на гаранцијата од став 1 од овој член договорниот орган да објави до ЕСЈН негативна референца.

## V. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорот е со важност до испорака на стоката и исплата на вредноста од член 2 од овој договор, од страна на Договорниот орган .

## VI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс - Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 9**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

„АВЦ ГРОУП" ДОО

Друштво за трговија и услуги АВЦ ГРОУП ДОО Скопје

**Игор Трајковски**, Управител

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

Република Македонија Влада на Република Македонија Скопје

**Д-р Драги Рашковски,** Генерален секретар

*Подготвил: ДаринкаЈовановска*
*Контролирал: Анета Стевковска*

Прилог 1

Единични цени за поодделни ставки од Договорот:

| Ред.бр. | Телевизиска и аудио-визуелна опрема | Единечна ЦЕНА без ДДВ | Количина | Вкупна ЦЕНА без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Телепромтер | 55.680 | 1 | **55.680** |
| 2. | Надворешен телепромтер | 110.922 | 1 | **110.922** |
| 3. | Телевизор | 23.931 | 2 | **47.862** |
| 4. | Веб камера | 1.994 | 1 | **1.994** |
| 5. | Професионален дигитален компактен стерео миксер | 124.483 | 1 | **124.483** |
| 6. | Систем за дистрибуција на балансирани аудио сигнали | 19.904 | 6 | **119.424** |
| 7. | *Активна звучна кутија* | 21.817 | 2 | **43.634** |
| 8. | Сет сталки за звучници | 6.302 | 1 | **6.302** |
| 9. | Балансиран микрофонски / линиски кабел | 638 | 6 | **3.828** |
| 10. | Балансиран микрофонски / линиски кабел | 558 | 4 | **2.232** |
| 11. | Балансиран микрофонски / линиски кабел | 598 | 4 | **2.392** |
| 12. | Напоен кабел на макара | 3.151 | 2 | **6.302** |
| 13. | Заштитна транспортна кутија | 8.855 | 1 | **8.855** |
| 14. | Транспортен рек за дистрибутивните засилувачи | 10.290 | 1 | **10.290** |
| | **ВКУПНО:** | | | **544.200** |

Друштво за трговија и услуги АВЦ ГРОУП ДОО Скопје